# ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО МЕДИУМИТЕ

Оваа година, за прв пат во Македонија ќе биде одбележан 12ти Август - Светскиот ден на младите, под мотото "Биди виден, биди чуен: младинско учество за развој."

На **10ти август** во Скопје, пред **трговскиот центар " Бисер" од 19:00 до 22:00** часот, канцеларијата на Фондот за население на ОН во Македонија (УНФПА) во соработка со мрежата Y-Peer Македонија ќе го одбележи Светскиот ден на младите преку театарски перформанси, улична анимација, информативни штандови од невладини организации, креативно сликање на платно и многу забавни и едукативни игри.

Минувачите ќе имаат можност да добијат брошури, печатен материјал и совети во врска со сексуалното и репродуктивното здравје, како и совети во врска со исхраната, здравствените навики и слично. Ќе бидат презентирани и видео материјали изработени од млади луѓе, на теми поврзани со знаења и практики од областа на ХИВ/СИДА, како и младинското учество во локалните заедници.

Млади активисти од невладините организации: Х.Е.Р.А, Мултимедија, Триаголник, Сплунг Автори-Скопје, ЕМСА и Балкан Идеа ќе ги претстават своите достигнувања и идни активности, и ќе зборуваат за важноста на младинското учество во општеството.

Медиумите се срдечно поканети да присуствуваат на овој настан и да допринесат за подигнување на јавната свест за важноста на младинското учество во општеството.

За повеќе информации, ве молиме контактирајте ја Ирина Јаневска, S-Пеер Соработник, УНФПА, на 3249 579.